**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА НАПРЕДОКОТ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ГОДИШНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА КОМУНИКАЦИЈА И ПУБЛИЦИТЕТ ЗА 2019 ГОДИНА

**(Согласно член 70, став 3 од Секторскиот договор)**

мај, 2019

Петти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020

**Содржина**

I. ВОВЕД ... 2
II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ... 2
1. Организирање на ИПАРД инфо денови ... 2
2. Организирање на ИПАРД форум ... 3
3. ИПАРД работилници ... 3
4. Доставување на дирекни информации ... 4
5. Појавувања во национални и локални медиуми ... 4
6. Годишна објава на листа на крајни корисници на средствата од ИПАРД Програмата ... 5
7. Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства и Упатства посветени на ИПАРД 2014 – 2020, брошури и постери ... 5
8. Изработка и објава на аудио и видео спотови ... 5
9. Ажурирање на веб страницата www.ipard.gov.mk ... 5
Прилог 1 - Годишен акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД 2014-2020 за 2019 година ... 7
Прилог 2 Агенди од ИПАРД инфо денови и работилници ... 8
Прилог 3 Посетеност на ИПАРД веб-страницата ... 11
Прилог 4 Медиумите за ИПАРД- Press Kliping ... 12
Прилог 5 Објава на листа на крајни корисници на средства од ИПАРД 2014-2020 ... 18
Прилог 6 Публикација на брошури ... 19
Прилог 7 Веб страницата на ИПАРД 2014-2020 ... 22

# I. ВОВЕД

Активностите во рамки на Кампањата за публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 се предвидени во Годишен акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2019 година, и се спроведуваат во согласност со истиот (прилог 1). Планираните активности поодделно се однесуваат на:

- Организација на ИПАРД инфо едукативни денови со промовирање на успешни примери;
- ИПАРД форум за поуспешно спроведувањето на ИПАРД 2014 – 2020
- ИПАРД работилници за изготвување на ИПАРД барања
- Појавувања/ прилози во пишани и електоронски медиуми;
- Годишно објавување на листата на крајни корисници на средства од ИПАРД Програмата;
- Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства и Упатства посветени на ИПАРД 2014 – 2020,
- Изработка и дистрибуција на брошури посветени на промоција на ИПАРД 2014 – 2020
- Изработка на постери посветени на промоција на ИПАРД 2014 – 2020
- Изработка и објава на аудио и видео спотови
- Ажурирање на веб страница www.ipard.gov.mk

Институции кои имаат одговорност за спроведување на горенаведените активности и тоа соодветно со надлежностите и функциите кои ги извршуваат се: Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР).

# II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

## 1. Организирање на ИПАРД инфо денови

Кампањата за публицитет започна со потпишување на договор за спроведување на Публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 на 21 ноември 2018 година. Во период од два месеци, јануари и февруари 2019 година спроведени се 10 инфо денови во десет општини/ рурални места каде потенцијалните корисници на ИПАРД 2014-2020 се информираа за придобивките од ИПАРД Програмата.

Јавниот повик бр.01/2018 е објавен на 30 ноември 2018 година за мерка 3: Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи. Крајниот рок за поднесување на барањата е 14 јануари 2019 година. Вкупната финансиска поддршка во рамките на овој јавен повик изнесува 13.178.668,00 евра или 810.422.183,74 ден. http://ipard.gov.mk/mk/soopstenija/javen-povik/јавен-повик-бр-01-2018-за-доставување-на-бара/

Јавниот повик бр.02/2018 година е објавен на 26 декември 2018 година и се однесуваше на мерка 1: Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства. Крајниот рок за поднесување на барањата е 9 февруари 2019 година. Вкупната финансиска

поддршка во рамките на овој јавен повик изнесува 11.883.772,00 евра или 730.792.598,00 ден.
http://ipard.gov.mk/mk/soopstenija/javen-povik/јавен-повик-бр-02-2018-за-доставување-на-бара/

Мерките кои се опфатени со Јавните повици 01/2018 и 02/2018, се мерка 1 Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства и мерка 3 Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи. Овие мерки се презентираа на инфо деновите кои беа организирани во следниве општини/ рурални места.

| *Општини, рурални места* | *Број на учесници* | *Датум на одржување* | *Термин на одржување* |
|---|---|---|---|
| Велес | 32 | 16.01.2019 | 10.00 h |
| Лозово | 40 | 16.01.2019 | 14.00 h |
| Штип | 16 | 17.01.2019 | 10.00 h |
| Радовиш | 36 | 17.01.2019 | 14.00 h |
| Валандово | 24 | 22.01.2019 | 10.00 h |
| Росоман | 10 | 22.01.2019 | 14.00 h |
| Илинден | 17 | 24.01.2019 | 10.00 h |
| Гази Баба | 15 | 24.01.2019 | 14.00 h |
| Куманово | 33 | 01.02.2019 | 10.00 h |
| Крива Паланка | 55 | 01.02.2019 | 14.00 h |

Агенда од инфо деновите дадена е во прилог 2
Фотографии од инфо деновите/работилниците се достапни на веб страницата на ИПАРД односно на следниов линк:
http://ipard.gov.mk/mk/category/foto-galerija/

## 2. Организирање на ИПАРД форум

Со цел за постигнување на посеопфатна анализа на спроведувањето на Програмата и прецизно лоцирање на проблемите во текот на постапката за поднесување на Барања за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020, планираниот ИПАРД форум за почетокот на 2019 година ќе биде организиран и спроведен по завршување на 5-тиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД како и по завршување на постапката за оценување на пристигнатите проекти од првиот и вториот Јавен повик во 2018 година

## 3. ИПАРД работилници

Во рамките на Кампањата за публицитет се одржаа две работилници во;

- Струмица на 26 декември 2018 година и
- Тетово 09 јануари.2019 година.

На работилниците беа поканети и присутни учесници од сите преработувачки индустрии. Во Струмица повеќето присутни компании беа од индустријата за преработка на овошје и зеленчук, млечна индустрија и винарии (вкупно присутни 39 учесници). Во Тетово присутни компании беа оние кои преработуваат претежно месни и млечни производи, Асоцијација за производство на мед, производство на јајца и несилки и слично (вкупно присутни 40 учесници).

На работилниците се одржаа презентации за три мерки, и тоа; мерка 1 - Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства, мерка 3 и мерка 7 - Диверзификација на фарми и развој на бизниси. Акцент се стави на мерката 3 која се однесува на Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи. (Агенди и презентации во прилог 2)
Презентациите беа направени и презентирани од Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумартсво и водостопанство. Со посебни презентации учествуваа вработени во Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој. Во дискусиите активно учествуваа сите учесници.
Фотографии од инфо деновите/работилниците се достапни на страницата на ИПАРД односно на следниот линк http://ipard.gov.mk/mk/category/foto-galerija/

## 4. Доставување на дирекни информации

Доставувањето на дирекни информации (телефонски и електронска комуникација) на потенцијалните корисници се врши во континуитет односно во повикувачкиот центар на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во последните четири месеци забележани се преку 200 повици и реализирани се преку 150 посети на потенцијални корисници во просториите на Агенцијата и Телото за управување со ИПАРД. Податоците за активноста на Агенцијата се вклучени во месечните извештаи за Телото за управување со ИПАРД.
http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp

Повеќе информации може да се видат во делот на Најчесто поставувани прашања и одговори во врска ИПАРД 2014-2020 на линковите:
http://ipard.gov.mk/mk/cpp/
http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp
http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp

## 5. Појавувања во национални и локални медиуми

Во однос на Јавните повици 01/2018 и 02/2018 година имаше значителен број на појавувања, соопштенија за медиумите и интервјуа на национални и локални радио и телевизиски канали како дневни весници и интернет портали (преку 380 појавувања) Соопштенијата и интервјуата може да се пронајдат на следниве линкови на дневните весници и интернет порталите:
www.ipard.gov.mk,
www.ipardpa.gov.mk,
http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp
www.mzsv.gov.mk,
www.mia.mk,
www.press24.mk,
www.biznisvesti.mk,
www.observer.mk,
www.mtm.mk,
www.emagazin.mk,
www.brif.mk,
www.portal.mk,
www.mkd.mk,
www.slobodnaevropa.mk,
www.a1on.mk,
www.slobodenpecat.mk и други медиуми.

Во прилог 4 кој се однесува на Медиумите за ИПАРД– Press Kliping поради големината на прес клипингот даден е дел од материјалот.

## 6. Годишна објава на листа на крајни корисници на средствата од ИПАРД Програмата

Предвидената активност согласно акциониот план за комуникација и публицитет за 2019 година за објава на листа на крајни корисници на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 е спроведена од страна на АФПЗРР како одговорно тело за реализација на оваа активност. Листата на крајните корисници е дадена во прилог 5 и објавена на веб страницата на Агенцијата на следниов линк: http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp

## 7. Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства и Упатства посветени на ИПАРД 2014 – 2020, брошури и постери

Печатените материјали се однесуваат на мерка 1 и мерка 3 додека материјалите за мерка 7 се во фаза на изработка. Брошурата за мерка 7: Диверзификација на фарми и развој на бизниси, е изработена и испратена на превод на албански јазик, дизајнот на останатите материјали е изработен, се чека на обработка на текстот за да се продолжи со печатење.
Прикажаните материјали во прилог 6 се двете брошури за мерките 1 и 3. За истите мерки се испечатени следниве материјали, и тоа:

- Барања за користење на средства 1200 примероци
- Упатства по мерки 4150 примероци
- Брошури 2600 примероци (2000 на македонски и 600 на албански јазик)
- Банери 6 (4 на македонски, 2 на англиски јазик)
- Постери 650 (500 на македонски, 100 на албански и 50 на англиски јазик)

Материјалите за Публицитетот на ИПАРД Програмата се дистрибуирани на инфо деновите, работилниците, Стопанска комора на северозападна Македонија, Подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумартсво и водостопанство, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и други заинтересирани страни.
Во врска Кампањата за публицитет во тек се подготовки (февруари - април 2019 година) за печатење на материјали за мерката 7 – Диверзификација на фарми и развој на бизниси. Брошурата е дизајнирана, подготвен е текстот, избрани се слики и треба да се пристапи кон печатење на истата. Барањето за користење на средствата и Упатстгвото за корисници треба да се достават од АФПЗРР за да се пристапи кон вклопување на текстот во дизајнот, превод и печатење.

## 8. Изработка и објава на аудио и видео спотови

Изработката на видео спотот е во фаза дефинирање на тоа како треба да изгледа спотот. ТУ одлучи да почне со снимање на еден видео спот, од вкупно 3, во траење од 35 до 45 секунди и истиот да се однесува на промоција на ИПАРД 2014-2020 година, во целина без да се осврне на промоција/презентација на мерките од Програмата. Од истиот видео спот ќе се изработи и аудио верзија за објава на радио станиците.

## 9. Ажурирање на веб страницата www.ipard.gov.mk

Надградба и одржување на интернет страницата www.ipard.gov.mk се спроведува согласно Договорот со избраната компанија за надградба, хостирање и одржување на

веб-страната и истиот истекува до август 2019 година. Во досегашниот период на реализација, изработен е нов дизајн на веб страницата, (прилог 7), пополнување со содржини на менијата и подменијата е во тек, и се внесуваат и други информации во врска ИПАРД 2014-2020. Од декември 2018 до 15 април 2019 година статистиката која е дадена во Прилог 3 е следнава:

- Корисници на веб страницата 7.090,
- Нови корисници 6.774
- Вкупно прегледи на страницата 38.188.

Страницата бележи и податок за корисници по градови изразено во проценти, и тоа: Скопје 48%, Битола 14%, Штип 10%, Гевгелија 1% итн. Во истиот период нови посетители на страницата се 80,1% додека повторни посетители 19,9%. Веб страницата редовно се ажурирана со информации, соопштенија и новости кои се однесуваат на ИПАРД програмата 2014-2020 година и може да се видат на веб страницата односно на линкот www.ipard.gov.mk

# Прилог 1: Годишен акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД 2014-2020 за 2019 година

**Годишен акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД 2014-2020 за 2019 година**

| Активност | Одговорност | Цели за реализација | Распоред за 2019 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| Организација на ИПАРД инфо едукативни денови со промовирање на успешни примери и можности за гарантен фонд | ТУ ИПАРД | 60 | | | | | | | | | | | | |
| ИПАРД форум за поуспешно спроведувањето на ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ ИПАРД | 2 | | | | | | | | | | | | |
| ИПАРД работилници за изготвување на ИПАРД барања | ТУ ИПАРД и АПРЗ | 5 | | | | | | | | | | | | |
| Појавувања/ прилози во пишани и електоронски медиуми | ТУ ИПАРД и АФПЗРР | 200 | | | | | | | | | | | | |
| Годишно објавување на листата на крајни корисници | АФПЗРР | 1 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства и Упатства посветени на ИПАРД 2014 – 2020 | MA and IPARD Agency | 8000 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и дистрибуција на брошури посветени на промоција на ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ ИПАРД и АФПЗРР | 8000 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка на постери посветени на промоција на ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ со ИПАРД | 450 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и објава на аудио и видео спотови | ТУ со ИПАРД | 4 | | | | | | | | | | | | |
| Ажурирање на веб страница ipard.gov.mk | ТУ со ИПАРД | 1 | | | | | | | | | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | подготвителни активности за материјали за публицитет / активности | | | дистрибуција / реализација |

# Прилог 2: Агенди од ИПАРД инфо денови и работилници

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Сектор за управување со ИПАРД фондови

**Инфо ден за спроведување и користење на**
**Инструментот за претпристапна помош на Европската унија за рурален развој - ИПАРД 2014 – 2020**

Место на одржување: Општина Лозово (сала за состаноци), Лозово
Датум: **16.01.2018**

**П Р О Г Р А М А**

| **16.01.2019 (среда)** | **Тема за дискусија** |
|---|---|
| 14:00 – 14:30 | **ИПАРД можности за македонските рурални средини**<br>- **Мерки вклучени во ИПАРД 2014 – 2020**<br>-**Мерка 1 – примарно земјоделско производство**<br>o приоритетни сектори<br>o потенцијални корисници<br>o прифатливи инвестиции<br>o критериуми<br>-**Мерка 3 – преработка на земјоделски производи**<br>o приоритетни сектори<br>o потенцијални корисници<br>o прифатливи инвестиции<br>o критериуми<br><br>(Фокус на поединечна мерка во зависност од потребата на присутните на настанот)<br>Презентација: Одделение за програмирање и проценка, Тело за управување со ИПАРД |
| 14:30 – 15:00 | **Постапка пред АФПЗРР за користење на средства од ИПАРД 2014 – 2020 Програмата**<br>- јавен повик<br>- барање за користење на средства<br>o потребни документи<br>o деловен план/ТПП<br>Презентација: Сектор за одобрување на проекти – АФПЗРР |
| 15:00 – 15:20 | **Прашања и дискусија** |

| | |
|---|---|
| 15:20 – 15:35 | **Пауза** |
| 15:35 – 16:00 | **Пример на успешно реализиран проект од претходен јавен повик**<br>- Мерка 1<br>Земјоделски стопанства/претпријатија корисници на средства од ИПАРД Програмата |
| 16:00 – 16:15 | **Прашања и дискусија** |

Настанот е организиран со средства од Европската унија преку реализација на активности за публицитет од мерката „Техничка помош" во спроведувањето на ИПАРД 2014 - 2020

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Сектор за управување со ИПАРД фондови

Настанот е организиран со средства од Европската унија преку реализација на активности за публицитет од мерката „Техничка помош" во спроведувањето на ИПАРД 2014 - 2020



Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Сектор за управување со ИПАРД фондови

**Работилница на тема: Користење на средства од Инструментот за претпристапна помош на Европската унија за рурален развој - ИПАРД 2014 – 2020**

Место на одржување: Хотел: Вила Парк, Струмица
Датум: 26.12.2018

**П Р О Г Р А М А**

| **26.12.2018 (среда)** | **Тема за дискусија** |
| --- | --- |
| **09:45 – 10:00** | Регистрација на учесници |
| **10:00 – 10:15** | Модератор: Живко Брајковски<br>Раководител на Тело за управување со ИПАРД<br><br>**Отворање на настанот и поздравно обраќање**<br>– Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство г-дин Љупчо Николовски<br>– Директор на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој г-дин Николче Бабовски |
| **10:15 – 11:00** | **Мерки вклучени во ИПАРД Програмата 2014 – 2020**<br><br>**Мерка 1 – Примарно земјоделско производство**<br>o приоритетни сектори<br>o потенцијални корисници<br>o прифатливи инвестиции<br>o критериуми<br>**Мерка 3 – Преработка и маркетинг на земјоделски производи**<br>o приоритетни сектори<br>o потенцијални корисници<br>o прифатливи инвестиции<br>o критериуми<br>**Мерка 7 – Диверзификација и развој на рурални бизниси**<br>o **приоритетни сектори**<br>o **потенцијални корисници**<br>o **прифатливи инвестиции**<br>o **критериуми** |
| **11:00 – 11:15** | **Прашања и дискусија** |
| **11:15 – 11:30** | **Пауза** |

Настанот е организиран со средства од Европската унија преку реализација на активности за публицитет од мерката „Техничка помош" во спроведувањето на ИПАРД 2014 - 2020



Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Сектор за управување со ИПАРД фондови

| | |
| --- | --- |
| **11:30 – 12:30** | **Постапка за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014 – 2020** |
| **12:30 – 13:30** | Закуска |
| **13:30 – 14:30** | **Интерактивна работа: Подготовка на барање за користење на ИПАРД средства**<br>- **Мерка 3**<br>o потребни документи и нивно обезбедување<br>o изработка на деловен план<br>Работа во групи |
| **14:30 – 15:00** | **Презентација на работата по групи**<br>- Дискусија и прашања |
| **15:15 – 15:30** | **Заклучоци** |
| **Прашалник за евалуација на настанот** | |

Настанот е организиран со средства од Европската унија преку реализација на активности за публицитет од мерката „Техничка помош" во спроведувањето на ИПАРД 2014 - 2020

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Сектор за управување со ИПАРД фондови

**Инфо ден за спроведување и користење на Инструментот за претпристапна помош на Европската унија за рурален развој - ИПАРД 2014 – 2020**

Место на одржување: **Општина Крива Паланка** (Сала за состаноци),
Датум: 01.02.2019

**ПРОГРАМА**

| 01.02.2019 (петок) | Тема за дискусија |
|---|---|
| 14:00 – 14:30 | **Отворање на настанот и поздравно обраќање**<br><br>– Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство г-дин Љупчо Николовски<br><br>**ИПАРД можности за македонските рурални средини**<br>- **Мерки вклучени во ИПАРД 2014 – 2020**<br>-**Мерка 1 – примарно земјоделско производство**<br>o приоритетни сектори<br>o потенцијални корисници<br>o прифатливи инвестиции<br>o критериуми<br><br>(Фокус на поединечна мерка во зависност од потребата на присутните на настанот)<br>Презентација: Одделение за програмирање и проценка, Тело за управување со ИПАРД |
| 14:30 – 15:00 | **Постапка пред АФПЗРР за користење на средства од ИПАРД 2014 – 2020 Програмата**<br>- јавен повик<br>- барање за користење на средства<br>o потребни документи<br>o деловен план/ТПП<br>Презентација: Сектор за одобрување на проекти – АФПЗРР |
| 15:00 – 15:20 | **Прашања и дискусија** |

| | |
|---|---|
| 15:20 – 15:35 | **Пауза** |
| 15:35 – 16:00 | **Пример на успешно реализиран проект од претходен јавен повик**<br>- Мерка 1<br>Земјоделски стопанства/претпријатија корисници на средства од ИПАРД Програмата |
| 16:00 – 16:15 | **Прашања и дискусија** |

Настанот е организиран со средства од Европската унија преку реализација на активности за публицитет од мерката „Техничка помош" во спроведувањето на ИПАРД 2014 - 2020

## Прилог 3: Посетеност на ИПАРД веб-страницата

Analytics ipard.gov.mk All Web Site Data

Go to report

**Audience Overview**

All Users
100.00% Users

Dec 1, 2018 - Apr 15, 2019

**Overview**




| Users | New Users | Sessions |
|---|---|---|
| 7,090 | 6,774 | 10,724 |
| **Number of Sessions per User** | **Pageviews** | **Pages / Session** |
| 1.51 | 38,188 | 3.56 |
| **Avg. Session Duration** | **Bounce Rate** | |
| 00:03:22 | 41.78% | |




| | City | Users | % Users |
|---|---|---|---|
| 1. | Skopje | 3,582 | 47.84% |
| 2. | (not set) | 1,099 | 14.68% |
| 3. | Bitola | 1,071 | 14.30% |
| 4. | Shtip | 749 | 10.00% |
| 5. | Gevgelija | 192 | 2.56% |
| 6. | Gevgelija | 99 | 1.32% |
| 7. | Sana'a | 60 | 0.80% |
| 8. | Chicago | 47 | 0.63% |
| 9. | Delchevo | 45 | 0.60% |
| 10. | Sofia | 38 | 0.51% |

© 2019 Google

kliping

| Интернет | Наслов | Во Велес досега поднесени дваесеттина апликации за ИПАРД 2 |
|---|---|---|
| Реден бр. 6 | Медиум; Досег | Vecer.press; , Македонија |
| | Рубрика, Датум | Vesti; 15. 1. 2019 |
| Стр. во збирката: 20 | Автор | Unknown |
| | Теми | IPARD |
| Сиже | ... Во канцеларијата на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството во Велес на јавниот повик на ИПАРД 2 програмата за модерно конкурентно земјоделство, кој започна на 26 декември и ќе трае до 9 февруари, се очекуваат да бидат поднесени околу 50-тина апликации... | |

| Интернет | Наслов | Едукативната кампања за ИПАРД Програмата 2014-2020 стартуваше од Велес и Лозово |
|---|---|---|
| Реден бр. 7 | Медиум; Досег | 24info.mk; , Македонија |
| | Рубрика, Датум | Vesti; 16. 1. 2019 |
| Стр. во збирката: 22 | Автор | Unknown |
| | Теми | IPARD |
| Сиже | ...Од Велес и Лозово денеска стартуваше едукативната кампања за ИПАРД Програмата 2014- 2020 во рамки на која ќе бидат организирани повеќе инфо денови, работилници и форуми низ целата територија на Република Македонија. Инфо... | |

| Интернет | Наслов | Едукативната кампања за ИПАРД Програмата 2014-2020 стартуваше од Велес и Лозово |
|---|---|---|
| Реден бр. 8 | Медиум; Досег | A1on.mk; , Македонија |
| | Рубрика, Датум | Makedonija; 16. 1. 2019 |
| Стр. во збирката: 24 | Автор | Unknown |
| | Теми | IPARD |
| Сиже | ...Од Велес и Лозово денеска стартуваше едукативната кампања за ИПАРД Програмата 2014- 2020 во рамки на која ќе бидат организирани повеќе инфо денови, работилници и форуми низ целата територија на Република Македонија. Инфо... | |

| Интернет | Наслов | Инфо-денови од ИПАРД-програмата во Штип и Радовиш |
|---|---|---|
| Реден бр. 9 | Медиум; Досег | Aktuelno24.mk; , Македонија |
| | Рубрика, Датум | Makedonija; 16. 1. 2019 |
| Стр. во збирката: 28 | Автор | Unknown |
| | Теми | IPARD |
| Сиже | ...Во моментов се Мерките 1 и 3, на располагање се 25 милиони евра. Претставниците од одделението за програмирање и процена при Телото за управување со ИПАРД од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ја презентираа мерка 1: Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства од ИПАРД-можностите... | |

| Интернет | Наслов | Првите инфо денови од ИПАРД Програмата започнаа од Велес и Лозово и ќе продолжат во Штип и Радовиш |
|---|---|---|
| Реден бр. 10 | Медиум; Досег | Biznisvesti.mk; , Македонија |
| | Рубрика, Датум | Ekonomija; 16. 1. 2019 |
| Стр. во збирката: 29 | Автор | Unknown |
| | Теми | IPARD |
| Сиже | ...Покрај двете работилници кои се одржаа во Струмица и Тетово, денес од Велес и Лозово започна бранот на инфо денови во склоп на едукативната кампања за ИПАРД Програмата 2014–2020. Утре, 17.01.2019, четврток, ќе бидат организирани и инфо денови во големата сала на општина Штип и Домот на културата „Ацо Караманов"... | |

3

kliping

| Интернет | Наслов | Инфо-денови од ИПАРД Програмата во Штип и Радовиш |
|---|---|---|
| Реден бр. 11 | Медиум; Досег | Denar.mk; , Македонија |
| | Рубрика, Датум | Ekonomija; 16. 1. 2019 |
| Стр. во збирката: 30 | Автор | Unknown |
| | Теми | IPARD |
| Сиже | ...Покрај двете работилници кои се одржаа во Струмица и Тетово, денес од Велес и Лозово започна бранот на инфо денови во склоп на едукативната кампања за ИПАРД Програмата 2014–2020. Утре ќе бидат организирани и инфо денови во големата сала на општина Штип и Домот на културата „Ацо Караманов" во Радовиш. По ова,... | |

| Интернет | Наслов | Првите инфо денови од ИПАРД Програмата започнаа од Велес и Лозово и ќе продолжат во Штип и Радовиш |
|---|---|---|
| Реден бр. 12 | Медиум; Досег | Emagazin.mk; , Македонија |
| | Рубрика, Датум | Makedonija; 16. 1. 2019 |
| Стр. во збирката: 34 | Автор | Unknown |
| | Теми | IPARD |
| Сиже | ...Покрај двете работилници кои се одржаа во Струмица и Тетово, денес од Велес и Лозово започна бранот на инфо денови во склоп на едукативната кампања за ИПАРД Програмата 2014–2020. Утре, 17.01.2019, четврток, ќе бидат организирани и инфо денови во големата сала на општина Штип и Домот на културата „Ацо Караманов"... | |

| Интернет | Наслов | Првите инфо денови од ИПАРД Програмата започнаа од Велес и Лозово и ќе продолжат во Штип и Радовиш |
|---|---|---|
| Реден бр. 13 | Медиум; Досег | Faktor.mk; , Македонија |
| | Рубрика, Датум | Ekonomija; 16. 1. 2019 |
| Стр. во збирката: 38 | Автор | Unknown |
| | Теми | IPARD |
| Сиже | ...Покрај двете работилници кои се одржаа во Струмица и Тетово, денес од Велес и Лозово започна бранот на инфо денови во склоп на едукативната кампања за ИПАРД Програмата 2014–2020. Утре, 17.01.2019, четврток, ќе бидат организирани и инфо денови во големата сала на општина Штип и Домот на културата „Ацо Караманов"... | |

| Интернет | Наслов | Инфо-денови од ИПАРД Програмата во Штип и Радовиш |
|---|---|---|
| Реден бр. 14 | Медиум; Досег | Makfax.com.mk; , Македонија |
| | Рубрика, Датум | Makedonija; 16. 1. 2019 |
| Стр. во збирката: 39 | Автор | Unknown |
| | Теми | IPARD |
| Сиже | ...Покрај двете работилници кои се одржаа во Струмица и Тетово, денес од Велес и Лозово започна бранот на инфо денови во склоп на едукативната кампања за ИПАРД Програмата 2014–2020. Утре ќе бидат организирани и инфо денови во големата сала на општина Штип и Домот на културата „Ацо Караманов" во Радовиш. По ова,... | |

| Интернет | Наслов | Едукативната кампања за ИПАРД Програмата 2014-2020 стартуваше од Велес и Лозово |
|---|---|---|
| Реден бр. 15 | Медиум; Досег | Makpress.mk; , Македонија |
| | Рубрика, Датум | Vesti; 16. 1. 2019 |
| Стр. во збирката: 41 | Автор | Unknown |
| | Теми | IPARD |
| Сиже | ... Од Велес и Лозово денеска стартуваше едукативната кампања за ИПАРД Програмата 2014- 2020 во рамки на која ќе бидат организирани повеќе инфо денови, работилници и форуми низ целата територија на Република Македонија. Инфо... | |

4

**Прилог 5 Објава на листа на крајни корисници на средства од ИПАРД 2014-2020**






## Прилог 6: Публикација на брошури





VII. Приоритетни сектори

**Растително производство**
Житарици, индустриски култури, градинарство (вклучувајќи и компир), повеќегодишни култури (овоштарници, вклучувајќи и трпезно грозје, маслинки, медоносни дрва за производство на мед), лозја.

**Сточарско производство**
Говедарство (млечно говедарство, гоење), свињарство (репродукција, гоење), овчарство и козарство (млечно овчарство/козарство, гоење), живинарство ( производство на месо – бројлери, кокошки носилки).

**Преработка и директен маркетинг на сопственото земјоделско производство на земјоделско стопанство**
Млеко и млечни производи, месо и месни производи, овошје и зеленчук вклучувајќи и компири, печурки и мешункасти култури, жита, мелнички производи и производи од скроб, растителни и животински масла и масти, шира од грозје, сок од грозје, вино и оцет.

**Производство на енергија од обновливи извори за сопствена потрошувачка**
Обработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса (освен биомаса од рибни производи) за производство на биогас и/или био горива, користење на сончева енергија, ветерници, геотермална енергија итн.

**Идни инвестиции**
Барателите може да поднесат повеќе проекти во рамките на оваа мерка во текот на спроведувањето на Програмата, под услов максималните вкупни прифатливи трошоци **(до 1.500.000 €)** да не бидат надминати и претходните проекти да бидат реализиарни (исплатени на корисникот).

**VIII. Прифатливи инвестиции**

- Конструкција/реконструкција на објекти за производство или помошни објекти;
- Конструкција/реконструкција на објекти кои се користат за пост-бербени активности и преработка на земјоделски производи;
- Набавка на повеќегодишни растенија;
- Набавка на нови машини и опрема;
- Објекти и опрема за наводнување;
- Набавка на специјализирани транспортни приколки;
- Инфраструктура на земјоделско стопанство.

**IX. Висина на поддршка**

Висината на финансиската поддршка изнесува **60%** од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата.
Висината на финансиската поддршка ќе се зголеми до:

- **65%** за инвестиции во земјоделски стопанства реализиарани од страна на млади земјоделци;
- **70%** за инвестиции во земјоделски стопанства во планинските области;

Финансиската поддршка ќе се зголеми за **10 %** за:

- Инвестиции кои се однесуваат на системи складирање и управување со арско ѓубре;
- Инвестиции за подобрување на ефикасноста од употребата на азотни ѓубрива и сл;
- Инвестиции во објекти/опрема, чија цел е подобрување на енергетската ефикасност;
- Инвестиции во објекти/опрема за производство на био-енергија;
- Инвестиции во објекти/опрема за производство на енергија од другите обновливи извори за задоволување на сопствените потреби за енергија на земјоделско стопанство;
- Инвестиции во објекти/опрема за третман на отпадни води/канализација.

Минимална вредност на вкупните прифатливи трошоци за инвестициски проект – **3.000 €**.
Максимална вредност на вкупните прифатливи трошоци по еден корисник изнесува **1.500.000 €** за целиот период на спроведувањето на Програмата.

Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Тело за управување
со ИПАРД

Потребните формулари за аплицирање може да се подигнат во:

**Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство**
Тел.: 02/3134-477 локал 113,114,115, Сектор ИПАРД
Адреса: Аминта III бр.2, Скопје,
**www.ipard.gov.mk**

**Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**
Тел.: 02/3097-460
Адреса: III Македонска бригада 66., Скопје
**www.ipardpa.gov.mk**

**Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството**
Тел.: 047/228-330 и 047/228-370
Адреса: Климент Охридски, Битола
**www.agencija.gov.mk**

**www.ipard.gov.mk, www.ipardpa.gov.mk**

**Инструмент за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД) 2014-2020**
Овој проект го имплементира Тело за управување со ИПАРД
ул. Аминта III бр. 2, Скопје
Финансирано од мерката Техничка помош од ИПАРД Програмата 2014-2020

## Прилог 7: Веб страницата на ИПАРД 2014-2020




